**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6476 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на*

*правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

- **Член 76-а ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  *(3) „Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување“;*

  *(4) „Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух“.*

  *(11) „Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес“.*

## 6. Констатации од надзорот:

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во завршниот период за изборната кампања - од 1 до 9 декември, издвоени се вкупно – 10 часа 13 минути и 53 секунди, емитувани во изданијата што Вториот програмски сервис на МРТ ги подготви за ТВ-дневниците од 18:30 и од 22 часот, а опфатија главно основни жанровски облици на вести (во низа), извештаи и (извадоци од) соопштенија, во прилог на предизборните активности на учесниците во изборната кампања, но и општествено-политички домашни и глобални актуелности.

Споредбената анализа и математичките калкулации за тоа - дали информативната редакција на МРТ2 оствари - „информативен баланс за време на изборната кампања“, следеше повеќе постапки, имајќи ги предвид општите одредби за медиумско известување во време на изборна кампања – опфатени со членот 75 од Изборниот законик (таксативно прикажани во точка 5 од извештајов), но и посебниот „математички образец“ наметнат за дневно-информативните изданија на Јавниот радиодифузен сервис преку членот 76 став 2:

> *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Имајќи ги предвид сите овие нивоа на анализата, најнапред може да се рече дека МРТ2 во перидот од 1 до 9 декември, генерално ја почитуваше обврската – централните изданија на дневно-информативните емисии да ги структурира според „математичките“ барања од член 76 став 2:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 29%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 28%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 32%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 11%;

Но, ако се погледнат споредбено - меѓусебните соодноси на информативните минутажи отстапени за парламентарните и за вонпарламентарните партии и предизборни групации, може да се заклучи дека информативната редакција на МРТ2 не го почитувала принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати како што е пропишано со Изборниот законик, туку се придржувала до уредувачкиот принцип запишан во интерниот документ на Јавниот сервис, насловен – *„Правила за медиумско покривање на изборни процеси - за рамномерно политичко претставување"*, конкретно во поглавјето – *„Покривање на изборите во вести"*, во кое, меѓу другото, се вели:

> *Имајќи ги предвид спецификите на Вториот телевизиски и на Третиот радио програмски сервис на МРТ, кои се наменети за задоволување на информативните потреби на граѓаните од немнозинските етнички заедници што живеат во Република Македонија, дистрибуцијата на времето меѓу учесниците во изборниот процес во вестите на овие сервиси, ќе биде инверзна на дистрибуцијата на времето во вестите на Првиот телевизиски и на Првиот радио програмски сервис на МРТ, за парламентарни и за локални избори, за избор на членови на советите на општините и на градот Скопје. Иако, очекувано партиите на етничките заедници ќе имаат помал број листи со потврдени кандидати, тие ќе добијат повеќе време за покривање на активностите од кампањата, односно во рамките на блоковите од вестите наменети за покривање на активностите од кампањата на учесниците во изборниот процес, ќе се замени времето меѓу политичките субјекти од немнозинските заедници и субјектите од т.н. македонски политички блок;*

Вака поставени, рамките на информативниот баланс упатуваат на споредба меѓу парламентарните партии на Албанците - владејачката ДУИ и опозициската ДПА, па тој сооднос е - за кампањата на ДУИ се отстапени – 1 час 56 минути и 15 секунди, а за кампањата на ДПА – 1 час 45 минути и 13 секунди, при што треба да се има предвид дека владејачката партија имаше 7 потврдени кандидатски листи, а опозициската партија во пет изборни единици. Соодносот на времето кај парламентарните партии од македонскиот политички блок изгледа вака: за Коалицијата предводена од владејачката ВМРО ДПМНЕ – 59 минути и 26 секунди (со седум изборни листи), наспроти опозициските - Коалицијата предводена од СДСМ – 47 минути и 30 секунди (со седум изборни листи), и Коалицијата за промени и правда – 22 минути и 8 секунди (шест изборни листи).

Во задолжителните 10% информативно време за кампањите на вонпарламентарните предизборни групации и партии, МРТ2 известуваше за сите шест учесници во изборната кампања: Коалицијата „Алијанса за Албанците", Беса, ПДП, Либералната партија, Коалицијата ВМРО за Македонија и партијата Левица. Притоа и овде не е следен принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи. Со двоцифрена, забележителна минутажа се застапени - Коалицијата „Алијанса за Албанците" (*составена од партиите - Унитети, ДПА-ДР и НДП на Весел Мемеди*) со 23 минути, и партијата Беса, со – 30 минути.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:56:15 | 66,17 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:59:26 | 33,83 % |
| | **Вкупно за тема: 02:55:41** | 100 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 01:45:13 | 60,18 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:47:30 | 27,17 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:22:08 | 12,66 | % |
| **Вкупно за тема:** | **02:54:51** | 100 | % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | | |
| Други субјекти | 00:43:10 | 21,99 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:17 | 2,69 | % |
| Влада на РМ | 00:08:58 | 4,57 | % |
| Судство | 00:05:40 | 2,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:23:51 | 12,15 | % |
| Граѓански сектор | 00:21:30 | 10,95 | % |
| Вести од светот | 00:47:08 | 24,01 | % |
| ДИК и други органи | 00:17:26 | 8,88 | % |
| Јавно обвинителство | 00:03:34 | 1,82 | % |
| Без субјекти | 00:01:36 | 0,81 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:50 | 2,97 | % |
| Привремена комисија | 00:02:02 | 1,04 | % |
| Беса | 00:00:59 | 0,50 | % |
| Претседател на РМ | 00:03:51 | 1,96 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:56 | 0,98 | % |
| Левица | 00:00:40 | 0,34 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:52 | 1,46 | % |
| **Вкупно за тема:** | **03:16:20** | 100 | % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | | |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:23:03 | 34,39 | % |
| Беса | 00:30:08 | 44,96 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:09:41 | 14,45 | % |
| Либерална партија | 00:01:58 | 2,93 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:02:11 | 3,26 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:07:01** | 100 | % |

**Вкупно: 10:13:53**

Минутажата за Беса што се појавува во статистиката за „дневни настани од земјата и од светот", се должи на прилог за демолирање нејзин изборен штаб во с. Слатино, а минутажата за Левица произлегува од прилог за судски спор настанат поради интерни недоразбирања во партијата, што резултираа во фракција.

Во однос на начинот (жанр / продукција) по кој медиумски беа пренесувани предизборните содржини, од статистиката за методолошката категорија – „директни обраќања", забележливо е дека речиси половина од времето за секој новинарски прилог, освен нужниот вовед што вообичаено ги лоцира говорниците и местата каде што се одвивале организираните облици за соочување со гласачкото тело, отстапен е за (тонски) цитати од јавно искажаните политички поенти. Статистиката за „директните обраќања", кореспондира со дистрибуцијата на информативната минутажа за учесниците во изборната кампања. Оттаму, најмногу

време за тонски цитати има за владејачката ДУИ - 1 час 5 минути и 28 секунди, и за опозициската ДПА – 1 час 4 минути и 44 секунди.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:14:08 | 5,41 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:04 | 1,56 | % |
| Беса | 00:14:47 | 5,65 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:05:28 | 25,04 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 01:04:44 | 24,76 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:14:06 | 5,39 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:26:35 | 10,17 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:07:38 | 2,92 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:23:02 | 8,81 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:01 | 1,92 | % |
| Граѓански сектор | 00:09:02 | 3,46 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:05:02 | 1,93 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:04 | 0,41 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:50 | 0,70 | % |
| Судство | 00:00:40 | 0,25 | % |
| Претседател на РМ | 00:02:30 | 0,96 | % |
| Влада на РМ | 00:00:28 | 0,18 | % |
| Либерална партија | 00:00:32 | 0,20 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:46 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 04:21:27** | **100** | % |

И во десеттиот мониториран период, како и во деветте претходни, МРТ2 голем информативен простор им отстапи на граѓански теми, иницијативи и заложби поддржани од индивидуални претставници или од организации на т.н. „меѓународна заедница". Тие две статистички ставки, вклучително и работата на Државната изборна комисија (*финансиски извештај од 11 учесници во изборната кампања за трошоците од првите 10 дена; пријава за медиумски притисоци врз одредени членови на ДИК; јавен апел да не се злоупотребува администрацијата за изборни цели;*), и сега се застапени со двоцифрена минутажа, што опфаќа активности од различни општествено-политички домени (*од позначајните: дебатата во Скопје, на тема - „Инструментализирање на медиумите за време на јавната кампања", со учество на ЗНМ, на МИМ и на Советот за етика во медиумите; граѓански иницијативи за одбележување на „Светскиот ден за борба против сидата": Првата конференција на ЛГБТ-заедницата одржана во Скопје; извештајот на Народниот правобранител и на УНИЦЕФ за децата со посебни потреби и нивниот опфат во редовните школи; пишувањата на неделникот „Фокус" за можното прислушување на обвинетите од случајот „Монструм"; функционалноста на медијацијата за решавање граѓански спорови; меѓународната конференција одржана на Тетовскиот универзитет, во коорганизација со Универзитетот „Хаџи Зека" од Пеќ, на тема – „brain drain"; одбележување на „Светскиот ден на лицата со хендикеп", во организација на Националното здружение на лицата со телесна попреченост, Центарот за лица со попреченост во развојот, Здружението на глувите и наглувите, и Министерството за труд и социјална политика; граѓанските протести против аерозагадувањето во Скопје и против Регулаторната комисија за енергетика што не реагира во полза на исклучените од парно греење; соработка меѓу Синдикатот на*

*администрацијата и Центарот за управување со промени - дебата за промени во Законот за јавни службеници; дебата во Скопје за последиците од семејното насилство – организирана од Асоцијацијата за истражување, комуникација и развој и Националната мрежа против насилството врз жените; предизборен мониторинг на НВО „Ние одлучуваме" - 30 случаи на незаконски дејствија против фер и демократски избори;).*

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебата</u>*

На 6 декември, од 20:30 часот во емисијата „Аргумент", емитувана е час и половина дебата помеѓу Дритон Кучи од ДУИ, Идриз Орана од ДПА, аналитичарот Алберт Муслиу и универзитетскиот професор Илбер Села. Учесниците во дебатата соочуваат гледишта за општо поставена тема - различни аспекти од текот на изборната кампања и очекувањата од изборниот процес.

*<u>Интервју</u>*

На 9 декември, од 20:30 часот во емисијата „Аргумент", реализирано е едночасовно интервју со Али Ахмети, челникот на ДУИ, а прашањата ги опфаќаат неговите гледишта за текот на изборната кампања, презентацијата на поентите од партиската платформа, влијанието од „скандалот со прислушуваните разговори", начините за разрешување на политичката криза во Република Македонија, и прогноза од изборниот процес.

***Сектор за програмски работи***